# ООУ „Кирил и Методиј“ - Свети Николе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Бр. 0103 - 390/2
13.08. 2021 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

# ИЗВЕШТАЈ
# ОД СПРОВЕДЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

## на училиштето
## за периодот
## 2019 - 2021



август 2021

ООУ „Кирил и Методиј“ – Свети Николе
ул. „Ангел Трајчев“ бр. 40
тел. 032/443-110
e-mail: oukirilimetodij@yahoo.com

Извештај од самоевалуација на училиштето за периодот од 2019 – 2021 година

## СОДРЖИНА

**Училишна комисија за самоевалуација**

**Подрачје 1: Организација и реализација на наставата и учењето**

**Подрачје 2: Постигнувања на учениците**

**Подрачје 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и раководен кадар**

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Подрачје 5: Комуникациски односи со јавноста**

**Подрачје 6: Училишна клима и култура**

**Подрачје 7: Соработка со родителите и локалната средина**

**Извештај од спроведена самоевалуација**

---

## УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

1. Снежана Наумова – предметен наставник
2. Кети Димкова - одделенски наставник
3. Јасмина Мишева – одделенски наставник
4. Елена Велкова – стручен соработник, педагог
5. Елеонора Масевска Илиева - родител

ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВЕДЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА
ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СВЕТИ НИКОЛЕ

| **Период на самоевалуација** | **2019-2021 година** |
|---|---|
| **Вид на училиште** | основно општинско училиште |
| **Основач на училиштето** | општина Свети Николе |
| **Наставен јазик** | македонски јазик |
| **Претседател на Училишен одбор** | Александра Симоновска |
| **Директор на училиштето** | Саша Мицевска |
| **Адреса на училиштето** | Ул. „Ангел Трајчев“ бр. 40 - Свети Николе |
| **Телефон** | 032/443-110 |
| **Електронска пошта** | oukirilimetodij@yahoo.com |
| **Веб страна на училиштето** | oukirilimetodij.weebly.com |

## РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Врз основа на член Врз основа на член 129 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/2019), Тимот за изготвување евалуација на работата на ООУ „Кирил и Методиј“, за периодот од 2019 година до 2021 година, изврши самоевалуација на работата во училиштето. Во текот на работата, СЕУ тимовите оствари ја средби и разговори со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа се користеа повеќе податоци. Иста така беа спроведени анкети со учениците, наставниците, Директорот, стручната служба и родителите. Сите податоци беа анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај.

За изготвување на Самоевалуцијата, беа користени насоките од Законот за основно образование, од Проектот за модернизација на образованието и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетни области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставните активности. Заедничка цел на сите субјуекти во училиштето е слабите страни да се во помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

**Според целосно извршената самоевалуација, комисијата ја оцени работата на училиштето со оценка <u>многу добар</u>.**

Оваа оценка преставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите седум подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.

**1. Организација и реализација на наставата и учењето**
**2. Постигнување на учениците**
**3. Професионален развој на наставниците,стручните соработници,воспитувачи и раководен кадар**
**4. Управување и раководење**
**5. Комуникациски односи со јавноста**
**6. Училишна клима и култура**
**7. Соработка со родителите и локалната средина**

Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на четири нивоа (многу добро, добро, делумно задоволува и не задоволува) според однапред одредените индикатори. Врз основа на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања. Придонес за ваквата донесена оценка имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите.

| Подрачје 1 – Организација и реализација на наставата и учењето |
|---|
| ***Индикатори:***<br>**1.1. Реализација на наставните планови и програми**<br>**1.2. Квалитет на наставните планови и програми**<br>**1.3. Воннаставни активности**<br>**1.4. Планирање на наставниците**<br>**1.5. Наставен процес**<br>**1.6. Искуства на учениците од учење**<br>**1.7. Задоволување на потребите на учениците**<br>**1.8. Оценувањето како дел од наставата**<br>**1.9. Севкупна грижа за учениците**<br>**1.10. Здравје** |
| ***<u>Јаки страни</u>***<br>- Наставата ја реализира соодветен стручен кадар.<br>- Сите наставници имаат изработено квалитетни годишни глобални и тематски планирања, слободни ученички активности, вонаставни активности, додатна и дополнителна настава, Еко планирања, планирања за активите, планирања за екскурзии кои останаа нереализирани заради пандемијата со Ковид 19, родителските средби, интегрирани планирања и планирања за учениците со тешкотии во учењето.<br>- Постои заемна соработка на ниво на стручни активи.<br>- Во училиштето постојат и успешно работат повеќе слободни ученички активности.<br>- Постои соработка со родителите и локалната средина за успешно реализирање на повеќе наставни и вонаставни активности.<br>- Се реализираат проекти кои промовираат тимска работа, истражувачки активности и демократски постапки на однесување на учениците.<br>- Оптимално се користи постојната стручна литература и материјално-техничките услови за работа.<br>- Континуирано изработуваат дневни планирања.<br>- Користат нови методи и техники за поучување на учениците и имаат изградено критериуми , стандарди и иструменти за оценување.<br>- Стручната подготовка и усовршувањето на наставниците придонесуваат за подобрување на креативното развивање на учениците и нивната мотивираност.<br>- Училиштето спроведува десеминации од страна на стручната служба во врска со подобрување на инклузијата на учениците со посебни потреби во процесот на образование.<br>- Родителите редовно и навремено се информират за постигањата на учениците.<br>- Стратегија за континуирано следење и вреднување на напредокот и постигањата на учениците по пол , етничка припадност.<br>- Континуирано, интегрирано на часовите, транспарентно и реално оценување на постигањата на учениците според стандарди и критериуми.<br>- Користење на активни методи и техники на учење и поучување.<br>- Користење на разни постапки за следење и вреднување ( вклучување на учениците во процесот на оценување ).<br>- Редовно информирање на родителите и учениците за постигнатиот успех ( пристап до Е- дневник).<br>- Реализирање на дополнителна и додатна настава.<br>- Учество на учениците на училишни , општински, регионални и државни натпревари, конкурси и др.<br>- Севкупна грижа за сите ученици подеднакво без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност. |

- Ефективна соработка со родителите, учениците и меѓу самите наставници и стручната служба;
- Грижа за здравјето и безбедноста на учениците.
- Навремена детекција на проблемите и потешкотиите со кои се справуваат учениците и соодветно постапување.
- Континуирано следење на напредокот на учениците.

- Од 1ви септември 2021 година училиштето ќе функционира како Центар за поддршка на учењето на учениците со посебни потреби од сите општински училишта, добива сензорна соба наменета за стимулација на овие ученици за прв пат во некое од училиштата во Свети Николе, ќе се спроведат активности предвидени со проектот From disability to foodability, финансиран од Шведската организација за развој We effect и Radiohjalpen.

-Проект за целосна реконструкција на електричната инсталација во училишната зграда одобрен е од МОН.

-Поставена е комплетно нова интернет инсталација во училиштето на сите 3 ката, склучен е нов договор за обезбедување на интернет сообраќај кој ги задоволува барањата за online-наставата. Поставена и надоградена е компјутерска опрема во училниците каде работат наставниците со настава од далечина.

-Сите мерки согласно Протоколот за одржување настава во учебната 2020/21 година строго се почитуваат.

-Подот во спортската сала „Цар Самуил"е целосно ревитализиран со заштитна боја и подлога и спортскиот терен – означен, комплетно заменето осветлувањето со поставување на 24 нови ЛЕД рефлектори, нови седла на трибините, сигнална табла за јавно прикажување на резултатот и времето на спортски натпревар.

-Во текот на летниот распуст сите нефункционални санитарии во тоалетите ќе бидат заменети со нови.

-Направена е замена на училишниот инвентар со училишни клупи и училишни анатомски столчиња, промена на дотраени завеси во сите училници.

-Од проектот за подигнување на нивото на енергетска ефикасност, стаклениот ѕид од алуминиумскла конструкција е заменет со нов од ПВЦ профили и термоизолациони 4 сезони стакла.

-Сменети се сите стари, дотраени, дрвени прозорци во кабинетот по техничко образование, спортската сала, соблекувалните, тоалетите на спортската сала, ходниците и подрумските, магацински простории со високо-квалитетни ПВЦ прозорци со термопан стакло.

-Целосно се заменети старите, дотраени, неонски светилки во фискултурната сала со економични, ЛЕД светилки од 18 вати, 1800 лумена светлосен ефект.

-Еко акции за собирање на стара хартија, стари, отпадни гуми од превозни средства и дрвени палети.

-Тоалетите се целосно реконструирани, со нова канализациона мрежа, хидро-изолација, високо-квалитетни санитарии, нови ПВЦ прозори и врати, спуштени тавани со ЛЕД осветлување и ѕидови обложени со абрип термо-изолација.

-Се отстранија пропаднатите плафони, се санираа пукнатините и се глетуваа ѕидовите.

-Поставена е во функција интерактивна табла и ЛЦД проектор за осовременување на наставата.

-Фасадата во делот кај тоалетите на училишната зграда е завршена, поставена е термофасада од акрилен абрибт врз изолација од стиропорни табли со што е комплетиран надворешниот изглед и постигнато високо ниво на енергетска ефикасност во овој дел на зградата.

***<u>Слабости:</u>***

- Наставниците се недоволно едуцирани за работа со деца со посебни образовни потреби и потешкотии во учење, кои се вклучени во редовна настава и за изработка на ИОП.
- Недостаток на дефектолошка доквалификација на наставниците кои реализираат часови во Паралелка за деца со посебни образовни потреби.
- Во училиштето недостасуваат противпожарни скали и ознаки, со кои ќе се даде насока за евентуална евакуација.

***3.3 Следење на развојните потреби на наставниот кадар***
***3.4 Следење на развојните потреби на воспитувачите***
***3.5 Следење на развојните потреби на раководниот кадар***

**Јаки страни**

- Компетентен воспитувачки кадар за реализација на квалитетна настава, учење и поучување на учениците;
- Воспитувачот ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на
- стручните активи
- Тимска работа
- Стручната служба им помага на воспитувачот во организација на наставата, следење на напредокот на
- Учениците, справување со проблемите.
- Воспитувачкиот кадар е подготвен да ги прифати промените во образовниот процес.
- Следење на развојните потреби на воспитувачкиот кадар
- Училиштето организира интерни обуки за потребите на наставниците
- Училиштето има програма и стратегии за обезбедување на професионалниот развој
- Училиштето има стратегија за дисеминација на знаења, вештини и способности на воспитувачкиот кадар.
- Воспитувачкиот кадар има ажурирани портфолија за професиомален развој.
- Училиштето дава поддршка за посета на обуки организирани од МОН и БРО и акредитирани институции

**Слаби страни**

- Потреба од подобрување на соработка на стручни активи од предметна настава

***ПРИОРИТЕТИ***

- ***Зајакнување на компетентноста на стручните активи за осовременување на наставата***

**Подрачје 4 - Управување и раководење**

***Индикатори:***

***4.1Управување и раководење***
***4.2 Цели и креирање на училишната политика***
***4.3 Развојно планирање***
***4.4 Сместување и просторни капацитети***
***4.5 Наставни средства и материјали***
***4.6 Финансиско работење на училиштето***

***Јаки страни:***

- Раководењето / менаџирањето и управувањето во училиштето се на високо ниво.
- Поголем дел од наставниците посетувале обука за примена на современи форми и методи во наставата, како и современи стратегии за учење.
- Се следи напредокот на учениците со потешкотии во учењето.
- Наставниците подеднакво ги стимулираат учениците независно од полот и различните стилови на учење.
- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца преку: родителските средби, е-дневник и пишани

информации.

- Учениците се оценуваат јавно и објективно.
- Училиштето има пишан кодекс на однесување на учениците, наставниците и на родителите.
- Училиштето се грижи од аспект на хумана и социјална помош на загрозените ученици.
- Воспоставена хармонија во меѓучовечките односи.
- Воспоставена добра соработка со родителите.
- Давање на соодветна помош на учениците и упатување во насока на совладување на тешкотиите во наставата.
- Училиштето применува правилник за прогласување на Првенец на генерацијата (VI, VII, VIII и IX одделение) и Достоинство на генерацијата, како и Најдобар наставник на годината.
- ИКТ технологијата се користи во наставниот процес.
- Училиштето располага со голем број на правилници и кодекси кои ги уредуваат односите на учениците, наставниците, родителите и соработниците.
- Целосно е обновена фасадата на училиштето .
- Подобрени се условите за работа во спортската сала со целосно реконструирање на истата и замена на прозорците.
- Зголемена е безбедноста за движење по скалите во училиштето со поставување на високи огради.
- Направена е целосна реконструкција на кровот на училиштето со високо квалитетна изолација.
- Сменета е електричната инсталација во училниците и подобрено е осветлувањето на училниците.
- Има програм-база на податоци за електронско водење на библиотечната евиденција во училишната библиотека.
- Локална самоуправа ги наградува успешните ученици.
- Опремена е трпезарија за учениците кои посетуваат продолжен престој.
- Реконструирани се сите тоалети во централното училиште.

***Слабости:***

- Потребна е обнова на ИКТ опремата, поради дотраеност на истата.
- Вертикална соработка на стучните активи (одделенска настава – предметна настава).
- Недостаток на подготвеност и волја за соработка од страна на родителите.
- Воведување двосменско работење за сите ученици подеднакво.
- Потребна е реконструкција на ПУ во с. Долно Ѓуѓанце.

***Идни активности од ова подрачје кои може да бидат вклучени во програмата за развој на училиштето:***

- Подобрување на условите за работа во подрачното училиште.

**Подрачје 5 - Комуникациски односи со јавноста**

***Индикатори:***
***5.1 Промовирање на постигањата***
***5.2 Наставни планови и програми***
***5.3 Воннаставни активности***

***Јаки страни***

- Училиштето во целост ги промовира постигањата на учениците;
- Постои целосна медиумска покриеност и електронска поврзаност за информирање на пошироката јавност во име на училиштето;
- Учениците и родителите навремено се информирани за наставните планови и програми според кои ќе се реализира наставата во училиштето;

- Постои интерес кај родителите за разгледување на наставните планови и програми ;
- Во училиштето постојат и успешно работаат повеќе слободни ученички активности;
- Постои соработка со родителите и локалната заедница за успешно реализирање на повеќе вонаставни активности;
- Се реализираат проекти кои промовираат тимска работа, истражувачки активности и демократски постапки на однесување на учениците.

***Слабости***

- Вклученост на родителите во презентацијата на училиштето пред локалната самоуправа.

*Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето*

Вклученост на родителите во презентацијата на училиштето пред локалната самоуправа.

**Подрачје 6 - Училишна клима и култура**

***Индикатори:***

***6.1 Училишна клима и односи во училиштето***

***6.2 Промовирање на постигањата***

***6.3 Еднаквост и правичност***

***6.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница***

***Јаки страни***

- Училиштето има добар рејтинг и имиџ во Локалната Заедница
- Училиштето има Кодекс на однесување и истиот е јавно истакнат и се почитува.
- Во училиштето постои добра училишна клима која се базира на мегусебно почитување и соработка .
- Помеѓу учениците и наставниците постои взаемна подршка и клима на отвореност за соработка
- Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него
- Учениците со различни способности, пол и етничко потекло взаемно се почитуваат, соработуваат и си помагаат
- Училиштетоима изготвено Правилник за изрекување на педагошки мерки
- Училиштето успешно ги надминува проблемите поврзани со дисциплината и поведениото на учениците
- Училиштето нуди можност учениците да ги изнесат своите пробелми од емоционална и социјална природа ,
- Улилиптето организира разни активности за развивање емпатија и мегусебна соработка помеѓу ученицте и вработените .
- Улилиштето нуди можност на учениците преку работата на Ученичката заедница истите демократски да партиципираат во донесување одлуки.
- Училиштето ги запознваа учениците и родителите со правата на децата и се труди истите да ги почитува.
- Уличиштето обезбедува еднаков и правичен третман на сите ученици и не прави дискриминација по ниту еден основ ( пол, верска и етничка припадност , успех и социјално потекло )
- Училиштето има web-страна за промоција на постигањата на учениците и заради поголема можност за соработка со локалната заедница
- Училиштето ги промовира постигањата на учениците и ја информира јавноста за истите
- Училиштето има партнер училиште за реализација на заеднички активностои за потребите на проектот МИО и промовира мултикултурализам

- Учениците ,родителите и наставниците се чувствуваат безбедно и пријатно во училиштето

*ИДНИ АКТИВНОСТИ - ПРИОРИТЕТИ*

- ✓ Односот ученик-ученик наставник - родител да се подигне на повисоко ниво.
- ✓ Едукација и работилници на родителите за подигање на нивото на соработка со стручната служба
- ✓ Поголема вклученост на родителите во училишните активности .
- ✓ Вклученост на училиштето во меѓународни и интеркултурни проекти.

**Подрачје 7 - Соработка со родителите и локалната средина**

***Индикатори:***
**7.1 *Партнерски однос со родителите и локалната и деловната заедница***
**7.2 *Известување за напредокот на учениците***

***Јаки страни***

- Постоење на систем за информирање на родителите за напредокот на учениците.
- Двонасочна соработка со локалната самоуправа.
- Солидна соработка со организациите од невладиниот сектор.

***Слабости***

- Недоволна вклученост на родителите во културно-јавниот живот и во активностите на училиштето.

Комисијата, Извештајот од извршената самоевалуација на работењето на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, до директорот на училиштето и до основачот.

Комисија за самоевалуација:

Снежана Наумова ________
(предметен наставник)

Кети Димкова ________
(одделенски наставник)

Јасмина Мишева ________
(одделенски наставник)

Елена Велкова ________
(стручен соработник, педагог)

**август 2021 година**

Елеонора Масевска Илиева ________
(родител)